**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**
**ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**

**REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT**
**AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË**
**BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
Бр.-Nr. 08 - 1139/9
26.03. 2024 година / viti
Скопје - Shkup

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" - ШТИП
Примено: 18.04.2024

| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
|---|---|---|---|
| 0801 | 357/1 | | |

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) и член 227 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 64 седница одржана на 12.10.2023 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за акредитација на студиската програма „Мехатроника", прв циклус на академски студии - додипломски студии (240 ЕКТС), на Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев" Штип**

1. Се акредитира студиската програма „Мехатроника", прв циклус на академски студии - додипломски студии (240 ЕКТС), на Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев" Штип, согласно Законот за високо образование*, Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација (дадена како Прилог 1 на наведената Уредба).
2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2024/2025 година.

По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 240 ЕКТС кредити и со стручен назив: Дипломиран машински инженер, Мехатроника/во меѓународен промет, стручен, назив: Bachelor of Mechanical Engineering, Mechatronics.

Научно - истражувачко подрачје: 2 Техничко - технолошки науки; Научно – истражувачко поле: 214 Машинство, 211 Индустриско инженерство и менаџмент, 212 Компјутерска техника и информатика, 218 Регулација и управување со технолошки процеси, 204 Електроника и автоматика, 215 Материјали, 205 Енергетика, Научно – истражувачка област: 21400 Општо машинство, проектирање и машински конструкции 21401 Машински елементи и технички системи 21403 Производно машинство, технологии и системи 21409 Заварување и технологии на заварување 21413 Транспортна механизација 21417 Техничка механика и механика на цврсто тело 21420 Механика на флуидите и струјно технички системи 21422 Автоматика 21423 Регулациона техника 21424 Друго 21201 Програмски јазиици и технологии 21204 Обработка на информации 21206 Процесирање на податоци 21208 Друго 21100 Методи на анализа на струкута и гункционирање на претпријатие 21105 Организација на технолошки провеси 21106 Организација на административни провеси 21108 Индустриска динамика 21800 Мерни сензори, интелигенти мерни конвертори и инструменти 21801 Моделирање, симулација и анализа на комплексни контролни системи 21807 Компјутерска контрола на комплексни индустриски процеси, 20403 Микроелектроника 20404 Интегрирана електроника 20407 Електронски компоненти 20414 Друго 20500 Енергетско и процесно машинство 20511 Техничка термодинамика 21500 Машински материјали.

4. Бројот на студенти кои можат да бидат запишани во прва година, на наведената студиска програма од точка 1 на ова решение, изнесува 50 студенти.
5. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

По предходно донесената Одлука бр. 0201-687/15 од 05.07.2023 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма „Мехатроника", прв циклус на академски студии - додипломски студии (240 ЕКТС), на Машински факултет, Универзитет „Гоце Делчев" Штип, до Агенцијата за квалитет во високото образование, односно до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање со нивен бр.0809-783/1 од 25.08.2023 година (наш бр. 08 - 1139/1 од 30.08.2023 година) за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, орган на Агенција за квалитет во високото образование, на 62-та седницата одржана на 13.09.2023 година, формира Стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација, со придружната документација и подготвување на извештај, по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на Стручната комисија, бр.08 - 1139/3 од 27.10.2023 година, согласно Законот за високо образование*, Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност, Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација и Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација на високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр.151/12), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 64-та седница одржана на 12.10.2023 година,одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател на Одборот за акредитација на високото образование
Проф. д-р Татјана Стојаноска Иванова